М-р Борче Макаријоски, роден е на 01.01.1987 година, во Битола, Р Македонија, каде што завршува основно образование. Средно образование завршува во СОУ "Јосип Броз –Тито"- Битола, отсек природно-математичко подрачје, комбинација Б. Истото го завршува со одличен успех и примерно поведение, особено истакнувајќи се по предметите од области на математика, хемија, физика и биологија.

Во периодот од 2005-2009 година, дипломира на Факултетот за биотехнички науки-Битола, на насоката Преработка на анимални производи, со просечен успех 9.83, со што се стекна со **VII/1 степен на стручна подготовка**, дипломиран инженер за преработка на анимални производи.

Во периодот од 2009-2012 година, магистрира на Факултетот за биотехнички науки, на насоката Преработка на анимални производи, со просечен успех 9.00, со што стекна со **VII/2 степен на стручна подготовка**, магистер по преработка на анимални производи.

М-р Борче Макаријоски се одликува со богати клучни способности и вештини. Од месец ноември, 2012 година, е вработен во Факултетот за биотехнички науки-Битола, како асистент-докторант, во областа 40805 - Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло и 40808 – Друго.

Одлично владее со англискиот јазик (Cambridge Certificate-PET), а има и основни познавања на германски и грчки јазик.

Има одлична оспособеност за работа со компјутер (Одлично познавање на Microsoft пакетите за канцелариско работење (Word, Excel, Power Point, Outlook, Publisher, Visio).

Поседува и сертификати за учество на студентски смотри со меѓународно учество на Faculty of Agriculture во Novi Sad, Faculty of Agronomy во Cacak, International young scientist во Plovidv, каде го има добиено сертификатот –The best oral presentation award. Автор е и коавтор на 36 научни трудови објавени во меѓународни научни списанија.